# ПОЛИТИКА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ОПШТЕСТВЕНИ ПРАШАЊА (ESG ПОЛИТИКА)

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ

# ПОЛИТИКА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ОПШТЕСТВЕНИ ПРАШАЊА (ESG ПОЛИТИКА)

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ

*Здравјето пред сè*

Врз основа на член 119 од Статутот на АЛКАЛОИД АД Скопје, а на предлог на Надзорниот одбор усвоен на седница одржана на 27.10.2022 во однос на неговата надлежност согласно член 203 од Статутот, Управниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје, на седницата одржана на 27.10.2022 ја донесе следнава:

# ПОЛИТИКА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ОПШТЕСТВЕНИ ПРАШАЊА[1] (ESG ПОЛИТИКА)

СО ОГЛЕД ДЕКА

АЛКАЛОИД АД Скопје постојано тежнее кон поздрав свет, кон супериорен квалитет на производите и на услугите, како и кон висока професионалност и континуиран успех, императив ни е заштита на интересите на сите вклучени страни. Основна определба ни е грижата за здравјето и за квалитетот на животот на секој човек, за системот на здравствена заштита и на животната средина. Нашата заложба е континуирано унапредување на здравјето на луѓето, што се рефлектира преку нашето мото: **ЗДРАВЈЕТО ПРЕД СЕ!**

СО ОГЛЕД ДЕКА

АЛКАЛОИД АД Скопје како глобално ориентирана компанија, се стреми кон постигнување високи цели и дострели, кои ќе овозможат висока конкурентност и пазарна позиција, постојано сме отворени кон градење нови пазари и нови партнерства, произведуваме и пласираме производи со највисок квалитет, применувајќи најсовремени технологии и деловни стандарди.

Согласно МИСИЈАТА и ВИЗИЈАТА утврдени со Кодот за етичко и деловно однесување и во согласност со останатите внатрешни акти на компанијата, АЛКАЛОИД АД Скопје, ја воспостави и имплементира оваа Политика.

## ЖИВОТНА СРЕДИНА

Највисоките приоритети на деловната стратегија на АЛКАЛОИД АД Скопје се заштита на здравјето и животната средина. Воспоставените практики за управување со аспектите врз животната средина, тимската работа и несебичното вложување на секој вработен се основни карактеристики за градење на ефикасен систем за управување со животна средина и здрава животна средина за сите нас.

Исполнување на барањата на системот за управување со животна средина, законските прописи и стратегијата е заложба на секој вработен во АЛКАЛОИД АД Скопје.

При сите наши активности настојуваме да ги подобриме перформансите за заштита на животната средина првенствено преку:

- Инкорпорирање на еколошкиот пристап во развојот на производите;
- Усвојување на нови и ефикасни еколошко-технолошки решенија;
- Намалување на потрошувачката на енергија, отпадот и емисиите во животна средина;
- Континуирано подобрување на системот за управување со животната средина.

Во секојдневните активности и процеси, континуирано ги земаме во предвид следните фактори за заштита на животната средина:

- Континуирано следење и намалување на влијанијата во воздухот, водата, почвата и бучавата според законската регулатива;
- Промовирање на енергетската ефикасност во сите активности и процеси;

- Следење и намалување на аспектите на климатските промени од производните операции;
- Производство на сопствена обновлива енергија;
- Континуирана примена на добрите практики за управување со отпад;
- Следење и намалување на потрошувачката на природните ресурси (вода, нафта, природен гас, електрична енергија).

## СОЦИЈАЛНИ ПРАШАЊА

Луѓето пред се!  Ги прифаќаме различните погледи на луѓето со почит и со достоинство. Ја промовираме различноста со восхит и со емпатија, независно од позицијата во компанијата, потеклото, возраста, од полот, вредностите, погледите или од интересите на таа личност. Ги препознаваме разликите кај луѓето како шанса да научиме нешто ново и да пристапуваме поинаку кон работите.

Континуирано сме посветени на:

- Почитување на човековите права и заштита од злоупотреба на детскиот труд
- Зголемување на задоволството на вработените
- Грижа за безбедноста и здравјето на вработените
- Овозможување на еднакви можности за вработување и понатамошен кариерен развој
- Постојано подобрување на работното опкружување, градење и одржувањето инклузивна, позитивна и почитувана работна средина за сите
- Овозможување на обука и развој на компетенциите на секој вработен
- Промовирање рамнотежа помеѓу приватниот и работниот живот
- Воспоставување на родова еднаквост
- Исплата на правични и конкурентни плати

Наша стратегија е да бидеме општествено одговорни, односно да враќаме на заедницата во која живееме и во која работиме.

Според тоа, се залагаме за следните социјални прашања и иницијативи при остварувањето на нашите цели:

- Задоволството на клиентите ни е секојдневен приоритет
- Континуирана поддршка на здравствените системи каде што дејствуваме
- Етичко и одговорно промовирање на нашите производи и позитивен пристап на комуникација со засегнатите страни
- Максимална посветеност кон обезбедување високо квалитетни и безбедни производи
    - Ги почитуваме законите и принципите за заштита на личните податоци секаде каде што ги извршуваме нашите активности
- Ги препознаваме разликите кај луѓето како шанса да научиме нешто ново и ја промовираме различноста со восхит и емпатија
- Во сите наши активности застапуваме политика на недискриминација на сите основи, односно во согласност со нашите клучни вредности
- Поддршка на спортот, културата и хуманитарните настани во нашата заедница
- Вложување во развој и едукацијата на талентираните ученици и студенти
- Споделување на нашите искуства и знаења со локалната деловна заедница

## УПРАВУВАЊЕ И ЕТИКА

АЛКАЛОИД АД Скопје ги спроведува своите операции во согласност со највисоките правни и етички стандарди и ја промовира употребата на најдобрите практики за корпоративно управување.

Ние сме посветени на:

- Почитување и промовирање на нашите клучни компаниски вредности
- Целосна усогласеност со важечките закони и внатрешни акти
- Почитување на Кодот на етичко и деловно однесување на АЛКАЛОИД АД Скопје
- Воспоставување и имплементација на систем за заштитено пријавување на повреди на етичките принципи и незаконски активности
- Спречување на корупција, поткуп и перење пари во нашите активности
- Почитување и заложба за слободна конкуренција на сите пазари на кои дејствуваме
- Имплементација и усогласеност со Кодексот за корпоративно управување на Македонска берза АД Скопје
- Транспарентно и редовно известување и информирање до сите засегнати страни за работењето на компанијата
- Градење на силна култура на управување со ризици и континуитет во работењето
- Соработка со деловните партнери на еднаков, фер и транспарентен начин
- Комуницирање со државните органи (претставници) и останатите засегнати страни на транспарентен, проактивен и на одговорен начин
- Заштита на авторските права и другите форми на интелектуална сопственост

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Политика се предлага од страна на Надзорниот одбор, а се усвојува од Управниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје.

ESG Одборот е одговорен за имплементација на оваа Политика, изготвување на ESG Годишен извештај на АЛКАЛОИД АД Скопје, како и континуирано унапредување на ESG процесите во АЛКАЛОИД АД Скопје.

Надзорниот и Управниот одбор се должни еднаш годишно, во рок од три (3) месеци од објавувањето на ESG извештајот на АЛКАЛОИД АД Скопје да ја преиспитаат оваа Политика, врз основа на која евалуација, Надзорниот одбор предлага соодветно измени и подобрувања на истата.

Политиката ќе започне да се применува од датумот на нејзиното усвојување од страна на Управниот одбор, но не подоцна од 31.12.2022.

ESG Одборот е должен во рок од три (3) месеци од усвојувањето на истата, да ги изготви внатрешните акти кои се неопходни за транспонирање и имплементација на принципите утврдени со оваа Политика.

[1] Оваа верзија на Политика за животна средина и општествени прашања (ESG политика) на АЛКАЛОИД АД Скопје е во формат и дизајн за потребите на запознавање на јавноста со истата. Официјалната верзија на Политиката за животна средина и општествени прашања (ESG политика) на АЛКАЛОИД АД Скопје се чува во неговото седиште.

**АЛКАЛОИД АД Скопје**

Бул. Александар Македонски 12, 1000 Скопје,
Република Северна Македонија

**www.alkaloid.com.mk**

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ